РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
MINISTRIA E TRANSFORMIMIT DIGJITAL
Бр./Nr. 10-1016/2
27.04. 20 26 год./viti
С К О П Ј Е

Република Северна Македонија

Министерство за дигитална трансформација

Врз основа на член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 36/11, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19 и 121/24), а во врска со член 90 став (2) од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 294/21 и 101/25), министерот за дигитална трансформација донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот на вршење видео надзор во службените простории на Министерството за дигитална трансформација

### Основни одредби
### Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот на вршење на видео надзор во службените простории на Министерството за дигитална трансформација (во натамошниот текст: Министерство), периметарот на пристап во дирекцијата на Министерството и во простории каде Министерството има поставено опрема, во својство на контролор, целите и обемот на вршење на видео надзорот, известувањето за вршење на видео надзор, пристапот до снимките од видео надзор и обработка на личните податоци содржани во нив, техничките и организациските мерки кои се применуваат за обезбедување на тајност и заштита при обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор, техничката спецификација на опремата и планот на поставеноста на системот за вршење на видео надзор како и правата и обврските на службените лица кои имаат пристап до системот за вршење видео надзор и правата и обврските на субјектите на лични податоци.

### Член 2

Видео надзорот во Министерството се врши преку дигитални видео камери и системи за снимање кои се наоѓаат на следните локации:

1. Дирекција на Министерството за дигитална трансформација со седиште на ул. Филип Втори Македонски бр.11 Скопје;
   1.1. Подрум - Гаражен простор, ходник, електро соба;
   1.2. Главен и спореден влез на објектот;
   1.3. Приземје (пријавница, архива, ходник);
   1.4. Кат 2 (систем сала);

Пристап и право на употреба на системот за видео надзор може да имаат и други лица само доколку се овластени од страна на Министерот.

Овластените лица ќе ја вршат обработката на снимките совесно и стручно во согласност со овој Правилник и прописите од областа на заштитата на личните податоци.

Овластените лица имаат обврска да потпишат Изјава за обезбедување на безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор. Образецот на изјавата од овој член е дадена во прилог на овој Правилник и е негов составен дел (Прилог бр.3)

Министерството има право во секое време да врши контрола над работењето на овластените лица согласно овој Правилник. Доколку при извршената контрола/супервизија од страна на Министерството или Агенцијата за заштита на личните податоци е констатирано дека овластените лица не се придржуваат кон законските и подзаконските одредби, како и кон одредбите на овој Правилник, на истите ќе им се одземе даденото овластување и ќе се оцени состојбата за покренување на соодветна постапка за утврдување одговорност, односно доколку се работи за обработувач – тогаш може да се покрене и постапка за раскинување на договорот и преземање на останати законски постапки согласно констатираните недостатоци и прекршувања на одредбите.

**Член 4**

Пишаните записи и медиумите поврзани со системот за спроведување на видео надзор се чуваат од страна на овластено лице – администратор на системот за вршење на видео надзор, во посебен регистратор сместен во просторијата каде што е главниот системот за видео надзор.

Евиденција на пристапот и увидот во снимките се чува пет години од нејзиното настанување.

Клучевите од плакарот за компјутерска опрема односно RACK единицата се чуваат во метален сеф. Пристап до содржината на металниот сеф е овозможен само преку клуч. Пристап до содржината на металниот сеф односно клуч, имаат само лице/лица со овластување од страна на Министерот.

Целиот систем за видео надзор е независен од надворешните мрежи на конекции/пристапи и истиот има дополнително напојување одвоено од централната мрежа (UPS).

**Цели на видео надзорот**
**Член 5**

Видео надзорот во службените простории на седиштето на Министерството, испитниот центар и просториите наменети за Една точка за услуги се врши:


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски“ бр. 11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3200 999
www.mdt.gov.mk

- физички и физиолошки изглед на вработените во Министерството и ангажирани лица од страна на Министерството.

- физички и физиолошки изглед на странките и другите посетители кои влегуваат и излегуваат од службените простории од Министерството.

Преку системот за видео надзор во Министерството се обработуваат личните податоци на следниве категории на субјекти:

- странки и посетители на Министерството, испитниот центар и просториите наменети за Една точка за услуги и

- вработени во Министерството.

**Член 8**

Министерството може да ги отстапи личните податоци собрани преку системот за вршење видео надзор, односно дозволи увид или даде на користење или да ги пренесе личните податоци на трето лице/трета страна, само и исклучиво на начин утврден со прописите на Република Северна Македонија кои ја уредуваат материјата за заштитата на личните податоци.

Примена на технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор.

**Член 9**

Министерството ги одредува техничките и организациските мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор, особено во согласност со Правилникот за безбедност и обработката на личните податоци како и другите прописи од областа за заштита на личните податоци со давање детален опис на преземените технички и организациски мерки.

Со преземање на техничките и организациските мерки треба да се оневозможи:

- случајно или незаконско уништување на снимките;

- оневозможување на неовластеното преправање, откривање или пристап при обработка на видео записите и

- оневозможување на неовластен пристап до збирката на податоци од друга локација преку комуникациски уреди.

Министерството ги обезбедува следните технички мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот на видео надзор, а особено:

- единствено корисничко име за секое овластено лице;


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија
Ул. „Филип Втори Македонски“ бр. 11, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3200 999
www.mdt.gov.mk

- рок на важење, обем на овластувањето за пристап до личните податоци и
- начин на пристап.

**Член 12**

Личните податоци кои се обработуваат преку системот за видео надзор можат да се дадат на користење на корисникот односно да се разменат во одреден случај кога е применливо врз основа на писмено барање од корисникот, доколку тој корисник согласно закон е овластен да ги обработува тие лични податоци. Администраторот на системот за спроведување на видео надзор, во согласност со Законот за заштита на личните податоци води евиденција за Барањата за пристапот и увидот во личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор од корисник.

Евиденцијата која согласно овој Правилник ја води администраторот на системот за спроведување на видео надзорот особено ги содржи следните податоци:

- име и презиме на овластеното лице во субјектот подносител на Барањето,
- категории на субјекти на лични податоци кои се бараат,
- категорија на лични податоци кои се бараат,
- датум и време на пристапување,
- законски основ, односно причина за пристапување,
- датум и час на направената снимка кон која се пристапува, односно дава на користење или размена,
- датум и време, назив и седиште на корисникот на кого му е дадена снимката од видео надзорот,
- вид на медиумот во кој е содржана снимката од видео надзорот и
- други податоци согласно одредбите од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци како и другите прописи за заштита на личните податоци.

**Член 13**

Физичката сигурност на системите за видео надзор е обезбеден преку:

- дозволување на физички пристап во просторот во кои се сместени уредите за видео надзор само на овластените лица,
- мерки за физичка сигурност на просторот каде е сместена информатичко комуникациската опрема на која се обработуваат личните податоци преку системот за видео надзор и
- пристап на други лица во просторот во кои се сместени уредите за видео надзор е дозволено само доколку е придружувано и надгледувано од овластено лице.


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија
Ул. „Филип Втори Македонски" бр. 11, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3200 999
www.mdt.gov.mk

## Начин на остварување на правата на субјектот на лични податоци и постапка за поднесување барање за добивање на извадок од системот за видео надзор за лично присуство во просториите на седиштето на Министерството, испитниот центар или просториите наменети за Една точка за услуги

### Член 17

Со цел за доследна примена и почитување на Законот за заштита на личните податоци, а во насока на целосно почитување на правата на субјектите/граѓаните кои произлегуваат од наведената законска регулатива, се пропишува постапка за поднесување Барање за добивање на извадок од видео надзор за лично присуство во просториите на Контролорот.

Образложено Барање во два примероци со предлог за добивање на извадок од видео надзор за лично присуство во просториите на седиштето на Министерството, испитниот центар и просториите наменети за Една точка за услуги, се поднесува на Образец прилог на овој Правилник и е негов составен дел (Прилог бр.5).

Барањето за добивање на извадок од видео надзор за лично присуство во просториите на Контролорот се поднесува:

- лично, со изјава заверена на нотар од поднесувачот на барањето или старателот, во прилог или
- преку адвокат со специјално полномошно издадено од поднесувачот на барањето или негов старател.

Барањето се поднесува за период од најмногу 25 денови пред датумот на поднесување на барањето за добивање извадок од видео надзор за лично присуство.

Одговор по Барањето се дава во рок не подолг од 10 работни дена сметано од наредниот ден по поднесување на истото.

### Член 18

Кон Барањето, во прилог задолжително се доставува и фотографија од лицето за кое се бара извадок од видео надзорот за лично присуство во просториите на Контролорот. Фотографијата му се враќа на подносителот заедно со одговорот по Барањето.

### Член 19

По добивање на Барањето од член 17 на овој Правилник, во седиштето на Контролорот, истото се заверува со приемен штембил, еден примерок му се враќа на подносителот, и потоа се проследува на надлежност и постапување на овластеното лице/лица од членот 3 од овој Правилник кое ги обезбедува сите услови за навремено и правилно добивање одговор по Барањето.


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија
Ул. „Филип Втори Македонски" бр. 11, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3200 999
www.mdt.gov.mk

## Преодни и завршни одредби

**Член 23**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Овој Правилник се објавува на огласна табла и на веб-страницата на Министерството.

Бр. ___________

Датум __________

Скопје

Министер за дигитална трансформација

Стефан Андоновски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
MINISTRIA E TRANSFORMIMIT DIGJITAL
Бр./Nr. 10-1016/1
27.04 2026 год./vit
СКОПЈЕ SHKUP

ПРИЛОГ БР.1

АНАЛИЗА НА ЦЕЛТА, ОДНОСНО ЦЕЛИТЕ ЗА КОЈА/КОИ СЕ ПОСТАВУВА ВИДЕО НАДЗОРОТ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

1. **Датум (период) кога е вршена анализата**

Од декември 2024 – јуни 2025 година

**2.Законски основ, односно цел или цели во согласност со одредбите од член 90 став (1) од Законот за заштита на личните податоци заради кон се воспоставува видео надзорот**

Заштита на сопственоста и обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените или деловните простории само за безбедности цели.

**3. Дали поставувањето на видео надзор е обврска согласно друг закон (со образложение)**

**4.Опис на недвижните и движните ствари, односно простор кои ќе заштитуваат со поставувањето на видео надзорот**

- Дирекција на Министерството за дигитална трансформација, вклучувајќи просториите кои се во сопственост на министерството, дадени на трајно користење на министерството или Министерството има поставено опрема, на Бул.Филип Втори Македонски бр.11 (подрум -1 (ходник, гаража); приземје ходник, службени простории, систем сала; 2 кат ходник, деловни простори, систем сала; 3 кат службени простории, систем сала; 4 кат ходник, деловни простории, систем сала).

- Испитен центар бул. Гоце Делчев бр.18 зграда на МТВ кат 10 (ходник, систем сала, просторија за испити).

- ЕТУ Центри:

- ЕТУ Скопје Адреса: кеј „Димитар Влахов“ бб, Скопје - Центар
- ЕТУ Куманово Адреса: плоштад „Маршал Тито“ бб, Куманово
- ЕТУ Тетово Адреса: ГТЦ локал 90/1, 1 кат, Тетово
- ЕТУ Битола Адреса: ул. „ Столарска“ бб, Комплекс Безистен, Битола
- ЕТУ Охрид Адреса: ул. „Димитар Влахов“ бб, Охрид
- ЕТУ Аеродром Адреса: бул. „Јане Сандански“ бр.70, локал 1, Скопје - Аеродром
- ЕТУ Јегуновце Адреса: ул.„101“ бб, Јегуновце
- ЕТУ Штип Адреса: ул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, Штип

Локациски податоци во рамки на објектот, односно податок од која камера/просторија потекнува снимката.

**9. Начин за информирање дека се врши видео надзор на различните категории на субјекти на лични податоци кои ќе бидат опфатени со видео надзорот (пр. посебно информирање на вработените, истакнување на известување за видео надзор...)**

Ознака со известување „Објектот е под видео надзор“ .

**10. Начин за остварување на правата на субјектите на лични податоци**

Остварувањето на правата се врши преку поднесување писмено барање до Министерството како контролор, и тоа лично во архивата на Министерството.

**11. Начин на доделување на привилегии за пристап до видео надзор**

Писмена Одлука за овластување, донесена од Министерот за дигитална трансформација.

**12. Период за кој ќе биде поставен видео надзор (неопределен период/определен период)**

Неопределен

**13. Временски период во кој ќе биде активен видео надзорот (24/7, по завршување на работното време и сл.)**

24/7

**14.Дали преку видео надзорот ќе се обработуваат лични податоци само во реално време (мониторирање) или ќе се врши и снимање**

Се врши снимање.

**15.Период на чување на снимките соодветен на целата/целите заради која/кои се поставува видео надзорот**

30 дена.

**16.Кој ќе има пристап до видео надзорот (лица вработени во контролорот, односно обработувачот) и број на лица кои ќе имаат пристап до видео надзорот**

Администратори – двајца вработени

**17. Информации за предвидена обука за заштита на личните податоци за лицата кои ќе имаат пристап до видео надзорот**


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски“ бр. 11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3200 999
www.mdt.gov.mk

**2. Оценка/мислење од офицерот за заштита на личните податоци**

Офицерот за заштита на личните податоци дава висока оценка врз основ на направената анализа.

**3. Име, презиме и потпис на лицата кои ја вршеле анализата на целта односно целите заради кои се воспоставува системот за вршење на видео надзор**

Радован Ристовски, виш соработник за снимање на безбедносни инциденти на мрежите и информациските системи

Милош Богдановиќ, референт за мрежно и оперативно одржување во министерството

**4. Име, презиме и потпис на офицерот за заштита на лични податоци**

Мартин Неделковски, помлад соработник за снимање на безбедносни инциденти на мрежите и информациските системи.

5. Одлука на функционерот, или на одговорното лице за воспоставување на систем за видео надзор (дадено врз основа на анализата за: потребата од воспоставување на видео надзор, степенот на влијание врз приватноста на субјектите на лични податоци кои ќе бидат опфатени со видео надзорот – лица кои ќе се снимаат, соодветноста на целите/основите за кои се воспоставува видео надзорот, мерките за техничка и интегрирана заштита на личните податоци, техничките и организациските мерки кои треба да се применат...):

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

__________________________________________________

6. Име, презиме и потпис на функционерот, или на одговорното лице на контролорот

Министер за дигитална трансформација

Стефан Андоновски

______________________



Министерство за дигитална трансформација на Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр. 11, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 3200 999 www.mdt.gov.mk

Република Северна Македонија

Министерство за дигитална трансформација

ПРИЛОГ БР.2

# ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНА ПЕРИОДИЧНА ОЦЕНКА НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СИСТЕМОТ ЗА ВРШЕЊЕ ВИДЕО НАДЗОР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

I

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Датум на воспоставување на системот за вршење на видео надзор | |
| 2. | Датум (период кога е извршена периодичната оценка | |
| 3. | Датум од претходно извршена периодична оценка | |
| 4. | Оценка дали видео надзорот ја исполнува односно соодветствува на целта или целите во согласност со одредбите од член 90 став (1) од Законот за заштита на личните податоци заради кој е воспоставен видео надзорот | |
| 5. | Оценка дали причините за поставување на видео надзорот со образложени на потребата за исполнување на целта, односно целите, сеуште се релевантни | |
| 6. | Статистички показатели за пристапот до снимките направени при вршење на видео надзор | |
| 7. | Статистички показатели за начинот на искористување на снимките | |
| 8. | Оценка дали начинот за информирање дека се врши видео надзор на различните категории на субјекти на лични податоци кои се | |


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски“ бр. 11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3200 999
www.mdt.gov.mk

| | | |
|---|---|---|
| 17. | Оценка дали нивото на технички и организациски мерки кои се применуваат е соодветно | |
| 18. | Предлог за намалување/зголемување на исполнување на целта/целите заради кои е поставен видео надзорот | |
| 19. | Целта, односно целите за вршење на видео надзор | |
| 20. | Оценка дали причините за поставување на видео надзорот со образложение на потребата за исполнување на целта, односно целите сеуште се релевантни | |
| 21. | Оценка дали видео надзорот ја исполнува односно соодветствува на целта или целите во согласност со одредбите од член 90 став (1) од Законот за заштита на личните податоци заради кој е воспоставен видео надзорот | |
| 22. | Податоци за спроведена проценка на влијанието на заштитата на личните податоци | |
| 23. | Дали редовно се преиспитува проценката на влијанието на заштитата на личните податоци, особено кога има значајни промени во системот за видео надзор | |
| 24. | Дали има понатамошна потреба од користење на системот за вршење на видео надзор | |
| 25. | Можни технички или други решенија за замена на системот за вршење на видео надзор | |
| 26. | Други податоци согласно проценката на Контролорот | |


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски“ бр. 11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3200 999
www.mdt.gov.mk

ПРИЛОГ БР.3

**Изјава**
**за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци**
**преку системот за вршење на видео надзор**

Јас долупотпишаниот/ната, (внесете име и презиме) ______________________________, во Одделението за______________________________, (внесете назив на одделение), во Секторот ______________________________, (внесете назив на сектор), во Министерство за дигитална трансформација согласно одредбите од Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци (Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/20), и документација за технички и организациски мерки за обезбедување на обработката на личните податоци во Министерство за дигитална трансформација, се обврзувам дека:

- ќе ги почитувам начелата за заштита на личните податоци;
- ќе ги применувам техничките и организациските мерки за обезбедување безбедност на обработка на личните податоци и ќе ги чувам како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита;
- ќе вршам обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од Министерство за дигитална трансформација;
- на трети лица надвор од внеси орган и на други лица внеси орган, нема да извадам било каков податок од збирките на личните податоци или било каков друг личен податок кој ми е достапен и кој сум го дознал или ќе го дознам при работата во Министерство за дигитална трансформација.

Потпис,

________________


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски“ бр. 11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3200 999
www.mdt.gov.mk

ПРИЛОГ БР.4

# ИЗЈАВА
# ЗА ПРИВАТНОСТ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР

Оваа Изјава за приватност го објаснува видот на лични податоци што Министерството за дигитална трансформација (во натамошниот текст: Контролорот), ги собира од вас при посета на службените/деловните простории и како Контролорот ги користи овие податоци.

1. **Зошто собираме (обработуваме) личните податоци?**

Контролорот собира лични податоци преку системот за видео надзор од следните причини(цели):

- да се контролира пристапот до објектот (зграда, влез, простории...) и да се обезбеди сигурност на објектот, безбедноста на вработените во Контролорот и посетителите, како и на имот и информациите кои се лоцирани или се чуваат во просториите;
- за да се спречи, одврати и, доколку е потребно, да се испита неовластен физички пристап, вклучително и неовластен пристап до безбедносни и заштитени простории, ИТ инфраструктура или оперативни информации; и
- да се спречи, открие и да се испита кражба на опрема или средства во сопственост на Контролорот, посетителите или вработените, или закани безбедност на персонал кој работи во просториите ( на пример: пожар, физички напад).

Системот за видео надзор не се користи за ниту една друга цел, како на пример да се следи работата на вработените или нивното присуство. Видео камерите се поставени така што не го покриваат околниот јавен простор. Камерите имаат за цел да дадат општ преглед на она што се случува на одредени места, но не и да се препознаат лица.

Системот за видео надзор иста така не се користи како истражна алатка или за да се добијат докази при внатрешни истраги или дисциплински постапки, освен ако не е во прашање безбедносен инцидент заради кој е воспоставен видео надзорот согласно Законот за заштита на личните податоци. (Во исклучителни околности, податоците може да бидат пренесени до истражните органи во рамките на формална дисциплинска или кривична истрага).

Камерите за видео надзор се инсталираат на надворешниот и внатрешниот дел на објектите на Министерство за дигитална трансформација во Скопје, и сите


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски“ бр. 11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3200 999
www.mdt.gov.mk

настан или акција од вработените, односно овластените лица). До податоците, односно видео записите не може да се пристапи без овластување од страна на кликнете тука за да го внесете текстот.

**6. Како да ги контролирате вашите податоци?**

Може да испратите барање на офицерот за заштита на личните податоци martin.nedelkovski@mdt.gov.mk.

**7. Можам ли да пристапам до моите податоци?**

Вие имате право да пристапите до вашите податоци во секое време и бесплатно, со испраќање на барање до Министерството за дигитална трансформација, со адреса Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје, или преку е-пошта до: contact@mdt.gov.mk.

**8. Можам ли да ги менувам моите податоци?**

Не е дозволено изменување на видео записот за видео надзорот.

**9. Може ли да побарам ограничување на обработката на моите податоци?**

Вие имате право да ја ограничите обработката на вашите лични податоци во секое време со испраќање на барање на Министерството за дигитална трансформација contact@mdt.gov.mk, адреса Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје, кога ја оспорувате точноста на вашите лични податоци, или кога на Контролорот повеќе не му се потребни податоците за извршување на неговите задачи. Вие исто така можете да ја блокирате обработката и кога работењето е незаконско и вие се спротивставувате на бришење на податоците. Сепак, блокирањето не е можно во секој случај на службена истрага.

**10. Дали можам да ги избришам моите податоци?**

Вие имате право да ги избришете вашите податоци во секое време со испраќање на барање на Министерството за дигитална трансформација, contact@mdt.gov.mk, адреса Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје, кога обработката е незаконска.

**11. Дали се споделуваат моите лични податоци со други лица?**

Вашите податоци се чуваат во Контролорот, освен ако не побарате од Контролорот или пак дадете согласност истите да бидат споделени. Во случај на споделување на Вашите податоци со трети страни, ќе бидете известени на кого се откриени, за која цел и врз кој законски основ.

Република Северна Македонија

Министерство за дигитална трансформација

ПРИЛОГ БР.5

# БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ ИЗВАДОК ОД ВИДЕО НАДЗОР ЗА ЛИЧНО ПРИСУСТВО ВО ПРОСТОРИИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

1. Јас ______________________________________________________________

( име и презиме, адреса и број на лична карта )

Го поднесувам ова барање за добивање извадок од видео надзор за лично присуство во просториите на Министерство за дигитална трансформација во ____________________ на ден ________________________ година.

2. Ова барање ми е потребно заради

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
__________

Подносител на барањето

________________________


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски“ бр. 11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3200 999
www.mdt.gov.mk